РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2504/1
23-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-3003/1 од 19.11.2025 година, со наводи за сомневање за неправилности при донесување на одлука за престанок на работен однос заради пензионирање кај работодавачот -- ------------------------ ---------- ---------------, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-3003/1 од 19.11.2025 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на познат подносител, на ден 19.11.2025 година, поднесена е пријава против работодавачот -- ------------------------ ---------- ----------, при што оформен е предмет број 12-3003/1 од 19.11.2025 година.

Во пријавата се изнесени наводи за сомневање за неправилности при донесување на одлука за престанок на работен однос заради пензионирање додека истото лице било на платено боледување. Во конкретниот случај се работи за повреда на индивидуално право на работен однос на подносителот на пријавата. Во прилог на пријавата доставена е прилог документација како доказ дека за предметниот случај во тек е судска постапка пред друг надлежен орган - Основниот граѓански суд --------- каде што постапување по истото било во тек. Подносителот е незадоволен од спроведувањето на судскиот процес за конкретниот предметен случај, а од ДКСК се бара да го преиспита случајот согласно нејзините законски надлежности.

По извршен увид во пријавата и приложената документација, ДКСК го констатира следново: Од страна на подносителот како тогашен работник вработен во предметната ------ во врска со донесената одлука за престанок на работниот однос и донесеното Решение за пензионирање било искористено правото на тужба по која во тек е постапка пред друг надлежен орган Основниот Граѓански суд ---------.

По разгледување на предметните наводи и приложената документација, ДКСК констатира дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што пријавените дејствија не се дејствија по кои ДКСК има надлежност да постапува. Дополнително за конкретниот случај, по однос на повреденото индивидуално право од работен однос подносителот го има искористено правото на правни лекови односно, се има обратено до органи кои се надлежни да постапуваат од оваа предметна област.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р.И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.КШ член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата